Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 01.04.2022

На 31.03.2022 во 18.05 часот, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 41-годишниот тетовец Б.Л., осуден на едногодишна затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", по што бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 31.03.2022 во 07.50 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода А.Ј.(23) од Тетово, затоа што при извршена проверка било констатирано дека е со мерка „апси" во службената евиденција, по барање од Сектор за меѓународна полициска соработка-Оддел за потраги и од СВР Тетово за издржување затворска казна. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Тетово, кои подоцна го спровеле во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 31.03.2022, во периодот од 06.00 до 14.30 часот, по претходно добиени сознанија, од страна на полициски службеници од Оддел за криминалистичка полиција – Сектор за општ и насилен криминал во соработка со СВР Штип, а во координација со Основното јавно обвинителство Кочани и во содејство со Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина, извршени се претреси во присуство на Јавен обвинител од Кочани на 4 локации на подрачјето на ОВР Кочани, со цел пронаоѓање на предмети од извршени кривични дела тешки кражби, кражби, помагање, загрозување на животна средина. При претреси во две правни лица и во објект сопственост на Д.Б. во Кочани пронајдени се и одземени поголема количина предмети од метал и арматурно железо кои потекнуваат од кривичните дела и ќе бидат вратени на сопствениците. Од страна на инспекторите од двата државни инспектората кај правните лица се констатирани неправилности во работењето, а на едното му е изречена и мерка „забрана за вршење на дејност". По целосно документирање на случаите од страна на ОВР Кочани до ОЈО Кочани ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 31.03.2022 во 13.20 часот на ул.„Стале Попов" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(54) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 13.00 часот на автобуска постојка на бул.„Кузман Јосифовски Питу" искористил гужва при влегување во автобус и од чанта на оштетената одзел паричник со пари и лични документи. Тој бил приведен во Полициската станица Центар и во службен разговор го признал делото. Кај него биле пронајдени одземените предмети кои биле вратени на сопственичката. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 235 од Кривичниот законик.
На 31.03.2022 во ОВР Прилеп било пријавено дека при претрес во ќелија на осуденикот А.Д.(29) од Охрид, во Затворот во Прилеп била пронајдена марихуана. Полициски службеници од ОВР Прилеп ја подигнале дрогата за понатамошна постапка и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.А.(29) од гостиварска Лакавица, поради сомнение дека сторил кривично дело „лажно пријавување на кривично дело", казниво по член 366 став 1 од Кривичниот законик. Како работен во гостиварска туристичка агенција, Л.А. се сомничи дека на 07.03.2022 во СВР Тетово лажно пријавил дека во близина на клучката за тетовско Жеровјане, физички бил нападнат од три лица кои со закана со остар предмет му одзеле пари и фискален апарат. По преземените мерки било утврдено дека дека таков настан воопшто не се случил и дека Л.А. целосно го измислил, по што тој и го признал делото.

На 31.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 36 прекршоци, од кои 24 надвор од населено место и 12 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигуросен појас, 1 за користење мобилен телефон и 4 за непрописно паркирање.

На 31.03.2022 во 09.34 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на крстосница од бул.„Гевгелија" и стар магистрален пат М1 во Гевгелија се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со гевгелски регистарски ознаки, управувано од И.Б.(72) од с.Ѓавато, општина Богданци и патничко возило „мерцедес", со гевгелски регистарски ознаки, управувано од Л.А.(27) од с.Богородица, гевгелско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот И.Б., констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Гевгелија.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Џ.А.(22) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 16.12.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени 2.9 килограми марихуана. За време на претресот бил затекнат и М.А.(20) од Берово, кој заедно со пријавениот консумирал марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.С.(33) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.03.2022 на експресниот пат Штип - Радовиш, полициски службеници кај пријавениот пронашле кокаин.

На 31.03.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, 45-годишен маж од Скопје пријавил дека неговиот малолетен син, ученик во основно училиште, во неколку наврати, на игралиштето во дворот на училиштето, бил физички нападнат од тројца малолетници, соученици во училиштето. Според пријавеното, малолетниците си снимале настанте, а снимките ги споделувале на социјални мрежи и помеѓу другите ученици. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.А.(40) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.12.2021 на бул. „Филип Втори Македонски" во Скопје, полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје кај пријавениот пронашле и одзеле пиштол ,,Застава" калибар 7,62 x25 милиметри и една рамка со 16 куршуми, за кои не поседувал дозвола.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.Р.(46) од Росоман, кавадаречко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 30.01.2022, полициски службеници кај него и при преглед во патничко возило, пронашле куршуми со калибар 8.57 мм за кои не поседувал дозвола.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ј.Б.(62) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Пријавениот, на парцела лоцирана покрај реката Црн Дрим, во државна сопственост, узурпирал земјиште и без одобрение за градење изградил објект од тврда градба, стекнувајќи се со противправна имотна корист на штета на Државата на Република Северна Македонија.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.М.(22) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 10.11.2021 во Велес во продажен објект, пријавениот употребил фалсификувана банкнота од 100 американски долари. На 25.11.2021 полициски службеници извршиле претрес во просторија која ја користел пријавениот, при што биле пронајдени сомнителни банкноти во износ од 396.200 американски долари во апоени од 100 долари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против малолетник од с.Турчане, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 18.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 31.03.2022 во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека околу 14.00 часот во училница во средно училиште на подрачјето на Бит Пазар настанала физичка пресметка помеѓу двајца малолетни соученици. Според пријавеното, тие биле разделени, по што едниот од нив излегол од училницата и набргу потоа се вратил со уште едно лице и се обиделе физички да го нападнат другиот ученик. Како што е пријавено, тие биле спречени од останатите ученици, меѓу кои и ученичка, која ја повредиле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против малолетничка од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 19.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја пронашле пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.М.(47) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 18.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја пронашле пријавената во својот дом, и покрај тоа што имала решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет